**20202342964**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 41 став (9) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на обрасците на барањата и потребната документација за остварување на правата за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19), во член 3 став (1) во точката 1, по зборот ,,барањето” се додаваат зборовите „лична карта за постојан престој на странец“.

Во точката 22 по зборовите „Доказ дека“ се додаваат зборовите „детето не“, а зборот ,,сместен“, се заменува со зборот „сместено”.

Во точката 23 сврзникот „и“ се брише.

Точката 24, се менува и гласи:

„24. Решение на Центарот за социјална работа со кое се доверува малолетното дете родено во вонбрачна заедница на понатамошна грижа, чување и воспитување; “

По точката 24 се додаваат четири нови точки 25, 26, 27 и 28, кои гласат:

„25. За дете-ца земени под старателство - решение за старателство;

26. За дете-ца згрижени во згрижувачко семејство – договор склучен меѓу центарот за социјална работа и згрижувачот;

27. Доказ од институцијата на странската држава дека правото на детски додаток не е остварено согласно прописите на таа држава; и

28. Копија од трансакциска сметка на лицето на кое се врши исплата, согласно подзаконската регулатива“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Документите од став (1) точки 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 18 и 21 на овој член, центарот за социјална работа ги прибавува по службена должност по пат на размена на податоците по електронски пат со надлежните институции или во писмена форма, по претходно дадена писмена согласност на подносителот на барањето и другите членови на домаќинството за користење на нивните лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на детски додаток и писмена согласност да бидат откриени нивните податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Северна Македонија. Документите од став (1) точки 5, 10, 11, 12, 17, 19, 20, 23 , 27 и 28 на овој член, ги прибавува подносителот на барањето при поднесување на барањето и во текот на користење на правото на детски додаток, а доказите од став (1) точки 22, 24, 25 и 26 на овој член, се обезбедуваат од страна на службеното лице во центарот за социјална работа.”

По ставот 6 се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Писмената согласност на родителот, со која се потврдува дека правото на детски додаток не е остварено во друга држава се дава на образец-Изјава, кој е даден во Прилог бр.10 и е составен дел на овој правилник.”

Член 2

Во член 5 став (1) во точката 8, точката се заменува со точка запирка.

По точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

„ 9. За дете-ца згрижени во згрижувачко семејство – договор склучен меѓу центарот за социјална работа и згрижувачот; и

10. Копија од трансакциска сметка на лицето на кое се врши исплата, согласно Законот за заштита на децата.“

Во ставот (2) зборовите „2 и 5” се заменуваат со зборовите „2, 5 и 10”.

Во ставот (3) зборовите „3, 4, 6 и 8” се заменуваат со зборовите „3, 4, 6, 8 и 9”.

Член 3

Во член 7 став (1) во точка 5, точката се заменува со сврзникот „и”.

По точката 5, се додава нова точка 6, која гласи:

„6. Копија од трансакциска сметка.”.

Во ставот (2) зборовите „и 5“ се заменуваат со бројот „5“, а по зборовите „ (таткото/старателот)” се додаваат зборовите „и 6”.

Во ставот (4) бројот „3” се заменува со бројот „4”.

Член 4

Во член 9 став (1) точката 27 се менува и гласи:

„27. Копија од трансакциска сметка.”.

Во ставот (2) зборовите „20, 21, 24, 26, 27 и 28” се заменуваат со зборовите „20, 21, 26 и 27.”

Во ставот (3) зборовите „12, 13, 15, 16, 17, 18, 22, 23 и 25” се заменуваат со зборовите „12, 13,15, 16, 17, 18, 22, 23, 24, 25 и 28”.

Член 5

Во член 10 став (1) точка 34, се менува и гласи:

„34. За дете-ца земени под старателство - решение за старателство.”

Во точката 35 точката се заменува со сврзникот „и“.

По точката 35 се додава нова точка 36, која гласи:

„ 36. Копија од трансакциска сметка.”

Во ставот (3) зборовите „21, 26, 27, 28, 32, 33, 34 и 35”, се заменуваат со зборовите „21, 26, 27, 28, 33, и 36“.

Во ставот (4) зборовите „8 и 12” се заменуваат со зборовите „8, 12 и 34”.

Во ставот (5) зборовите „3, 4, 7, 19, 20, 22, 23, 24, 25, 29, 30, 31, 33, 34 и 35” се заменуваат со зборовите „3, 4, 7, 19, 20, 22, 23, 24, 25, 29, 30, 31, 32 и 35”.

Член 6

Во член 12 став (1), во точката 24 по зборовите „Доказ дека“ се додаваат зборовите „детето не“, зборот „сместен“, се заменува со зборот „сместено”, а сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка запирка.

Точката 25, се менува гласи:

„ 25. Решение на Центарот за социјална работа со кое се доверува малолетното дете родено во вонбрачна заедница на понатамошна грижа, чување и воспитување;”

По точката 25 се додаваат четири нови точки 26, 27, 28 и 29, кои гласат:

„26. За дете-ца земени под старателство - решение за старателство;

27. За дете-ца згрижени во згрижувачко семејство –договор склучен меѓу Центарот за социјална работа и згрижувачот;

28. Доказ за присуство на наставни часови;и

29. Копија од трансакциска сметка на лицето на кое се врши исплата, согласно Законот за заштита на децата".

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Документите од став (1) точки 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 13, 14, 15, 16, 18, 21 и 28 на овој член, центарот за социјална работа ги прибавува по службена должност по пат на размена на податоците по електронски пат со надлежните институции или во писмена форма, по претходно дадена писмена согласност на подносителот на барањето и другите членови на домаќинството за користење на нивните лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на додаток за образование и писмена согласност да бидат откриени нивните податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Северна Македонија. Документите од став (1) точките 5, 10, 11, 12, 17, 19, 20, 22, 23 и 29 на овој член, ги прибавува подносителот на барањето при поднесување на барањето и во текот на користење на правото на додаток за образование, а доказите од став (1) точки 24, 25, 26 и 27 на овој член, се обезбедуваат од страна на службеното лице на центарот за социјална работа."

Член 7

Во член 14 став (1) точката 23, се менува и гласи:

„23. Доказ/решение дека до својата 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа од матичниот центар за социјална работа; и ".

По точката 23 се додава нова точка 24, која гласи:

„24. Копија од трансакциска сметка."

Во ставот (5) по бројот „14," се додава бројот „ 15,".

Во ставот (6) зборовите „5, 10, 11, 12, 15, 17, 19, 20, 22 и 23" се заменуваат со зборовите „5, 10, 11, 12, 17, 19, 20, 22, и 24".

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Доказот од ставот (1) точка 23 на овој член, се обезбедува од страна на службеното лице на центарот за социјална работа."

Член 8

Во член 16 став (1) точка 4, сврзникот „и" се заменува со точка запирка.

Во точката 5, точката се заменува со сврзникот „и".

По точката 5, се додава нова точка 6, која гласи:

„6. Копија од трансакциска сметка на подносителот на барањето.".

Во ставот (2) зборовите „1, 3, 4 и 5 " се заменуваат со зборовите „1, 3, 4, 5 и 6".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Доказот од ставот (1) точка 2 на овој член се обезбедува од страна на службеното лице на Центарот за социјална работа."

Ставот (3) станува став (4).

Член 9

Обрасците БДД/ГМП: „Барање за остварување на право на детски додаток“-Прилог бр.1; БПД/2:„Барање за остварување на право на посебен додаток“-Прилог бр.2; БЕППН/2:„Барање за остварување на право на еднократна парична помош“-Прилог бр.3; БРДД/1:Барање за остварување на право на родителски додаток за дете (за трето дете)“-Прилог бр.4; БРДД/2: „Барање за остварување на право на родителски додаток за дете (за трето дете)“-Прилог бр.4А; БДО:„Барање за остварување на право на додаток за образование“-Прилог бр.5; БДО/Д18: „Барање за остварување на право на додаток за образование за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа“-Прилог бр.5А;и БДО/Д С „Барање за остварување на право на додаток

за образование за студент кој до 18 годишна возраст имал статус на дете без родители и родителска грижа"-Прилог бр.5Б; се заменуваат со нови обрасци: „БДД/ГМП: „Барање за остварување на право на детски додаток"-Прилог бр.1; БПД/2:„Барање за остварување на право на посебен додаток"-Прилог бр.2; БЕППН/2: „Барање за остварување на право на еднократна парична помош"-Прилог бр.3; БРДД/1:Барање за остварување на право на родителски додаток за дете (за трето дете)"-Прилог бр.4; БРДД/2: „Барање за остварување на право на родителски додаток за дете (за трето дете)"-Прилог бр.4А; БДО:„Барање за остварување на право на додаток за образование"-Прилог бр.5; БДО/Д18: „Барање за остварување на право на додаток за образование за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа"-Прилог бр.5А;и БДО/Д С „Барање за остварување на право на додаток за образование за студент кој до 18 годишна возраст имал статус на дете без родители и родителска грижа"-Прилог бр.5 Б, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 10

Прилогот бр.7 се заменува со нов Прилог бр.7, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 11

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 11-4549/3
23 септември 2020 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Јагода Шахпаска,** с.р.

**ПРИЛОГ бр.1 БДД/ГМП**

**До**
**ЈУ** _________________________ __________
**( Центар за социјална работа)**

## БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ДЕТСКИ ДОДАТОК

**1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО**

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број на граѓанинот |
|---|---|---|
| ____ . _____ . ___________ | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ |

ДРЖАВЈАНСТВО____________________________

ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА________________________________

| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус | Податоци за самохран родител (се подвлекува соодветното) |
|---|---|---|---|
| | | ☐женет/мажен/а<br>☐разведен/а<br>☐вдовец/ца<br>☐вонбрачна заедница<br>☐непознато | едниот родител е починат, разведен брак,<br>едниот родител се води за исчезнат,<br>едниот родител се води за непознат. |

| Образование | Работен статус |
|---|---|
| ☐Завршено ☐Во тек | ☐Вработен ☐Невработен ☐Пензионер |

**2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА**

| Број на лична карта | Издадена од | Ден на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

**3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ**(само доколку се разликува од податоците во лична карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

**4.ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ЛИЦЕТО НА КОЕ СЕ ВРШИ ИСПЛАТА**

| **Назив на банка** | **Број на трансакциска сметка** |
|---|---|
| | |

**5.. ПОДАТОЦИ ЗА МАЈКАТА НА ДЕТЕТО:**

| Презиме: | Име: | ЕМБГ: _ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ |
|---|---|---|
| | | |
| Адреса на живеење: | | |

**6. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВО:**

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ Престојувалиште | Сродство со подносителот | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 2. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 3. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 4. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 5. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 6. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 7. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 8. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |

**7. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈСТВОТО:**

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ Престојувалиште | Сродство со подносителот | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 2. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 3. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 4. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 5. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 6. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |

**8. ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЦАТА:**

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ Престојувалиште | Сродство со Подносителот | Предучилишна возраст | Училишна возраст | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 2. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 3. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 4. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |
| 5. | | _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ | | | | | |

Датум и место на поднесување    Потпис на подносителот на барањето

_____________    ________________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето
________________________________

**9. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА ПОДНОСИТЕЛОТ:***

1.Важечка лична карта на подносителот на барањето, лична карта за постојан престој на странец, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот, државјанството и живеалиштето (за сите полнолетни членови на домаќинството);
2.Пресуда за развод на брак – правосилна судска пресуда/ фотокопија од извод на матична книга на родени на родителот подносител на барањето не постар од шест месеци- за разведен брак /вдовец-вдовица (оригиналот се доставува на увид);
3. Пресуда за определена законска издршка;
4. Договор за извршување на работи во врска со спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија;
5. Потврда од банка за штеден влог;
6. Доказ дека едниот родител живее во брачна и/или вонбрачна заедница;
7. Доказ дека едниот родител е исчезнат- доказ од надлежен суд;
8.Доказ за временски период за издржување на казна затвор/правосилна извршна пресуда; и
9. Копија од трансакциска сметка на лицето на кое се врши исплата согласно подзаконската регулатива.

________________

* За корисник на гарантирана минимална помош кој има дете - подносителелот кон барањето приложува на увид важечка лична карта од точка 1. на барањето која се доставува само на увид за докажување на идентитетот, државјанството и живеалиштето и копија од трансакциска сметка на лицето на кое се врши исплата согласно подзаконската регулатива.

**ПРИЛОГ бр. 2**
**БПД/2**

**ДО**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ____________________________________________**

**Б А Р А Њ Е**
за остварување на право на посебен додаток

Од _______________________________________________________ со стан на ул.____________________
/родител-старател/

бр.___л.к.бр.____________ издадена од МВР_______________ и тел.број _________________________.

Барам да ми се признае право-то на посебен додаток за дете-ца :

1.________________________________________ родено_________________ год.во_____________
/име и презиме на детето/
2.________________________________________ родено_________________ год.во_____________
3.________________________________________ родено_________________ год.во_____________
4.________________________________________ родено_________________ год.во_____________

**Прилози кон барањето кои ги доставува подносителот:**
1. Важечка лична карта на подносителот на барањето се доставува на увид за докажување на идентитетот и живеалиштето;
2. Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во интелектуалниот или телесниот развој и специфичните потреби на детето;
3. За самохран родител, доколку едниот родител е починат –извод од матична книга на умрените; за разведен брак – правосилна судска пресуда, доказ дека родителот не е во брачна заедница -препис на извод од матична книга на родени не постар од шест месеци, или дека родителот не е во вонбрачна заедница- изјава дека не е во вонбрачна заедница, доказ од надлежен суд дека едниот родител се води за исчезнат, а за родител кој се води за непознат препис на извод од матична книга на родените на детето; и
4. Копија од трансакциска сметкана лицето на кое се врши исплата, согласно Законот за заштита на децата.

**I. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ** /родител/старател/- се подвлекува соодветното
**1. Презиме, татково име и име** ____________________________________________
**2. Единствен матичен број на граѓанинот** _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/
**3. Место на раѓање** ______________________ ___________________ _________________
(населено место) (општина) (држава)
**4. Место на живеење**______________________ ___________________ _______________
(населено место) (општина (држава)
5. **Податоци за престојувалиште** (само доколку се разликува од податоците во личната карта):
___________________________ __________________ _____________________
улица и број населено место општина

**6. Пол** М Ж - (со заокружување)
**7. Припадност на заедница :** (со подвлекување)
- македонска - албанска - турска - влашка - српска - ромска - бошњачка - не се изјасниле - други
**8. Степен на стручно образование – квалификација** (со подвлекување)
- Без образование - Неквалификуван - Полуквалификуван - Квалификуван
Висококвалификуван - со непотполно основно образование - Средно образование
Више образование - Високо образование - Магистер на науки - Доктор на науки - Друго
**9. Брачна состојба:** (со подвлекување)

Неженет – немажена Женет – мажена Разведен – разведена Вдовец – вдовица Вонбрачна заедница
Друго_____________________

**10. Државјанство:** _______________________________________________

**11.Занимање** _______________________________________________

**12. Статус:**

а). Вработен во ________________________________________________________ тел.________________

б). Друг статус ____________________________________________________

**II.ПОДАТОЦИ ЗА БРАЧНИОТ ДРУГАР**

**1. Презиме, татково име и име** ______________________________________________

**2. Единствен матичен број на граѓанинот** _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/

**3. Место на раѓање** ____________________ __________________ _______________

(населено место) (општина) (држава)

**4. Место на живеење** ____________________ __________________ _______________

(населено место) (општина) (држава)

**5. Пол** М Ж - (со заокружување)

**6. Припадност на заедница :** (со подвлекување)

- македонска - албанска - турска - влашка - српска - ромска - бошњачка
- не се изјасниле - други

**7. Степен на стручно образование – квалификација** (со подвлекување)

- Без образование - Неквалификуван - Полуквалификуван - Квалификуван
- Висококвалификуван - Со непотполно основно образование - Средно образование
- Више образование - Високо образование - Магистер на науки - Доктор на науки - Друго

**8. Државјанство:** _______________________________________________

**9. Занимање** _______________________________________________

**10. Статус:**

а). Вработен во ________________________________________________________ тел.________________

б). Друг статус ____________________________________________________

**III.ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА НА ЛИЦЕТО НА КОЕ СЕ ВРШИ ИСПЛАТА**

**1. Назив на банка ________________________________ и број на трансакциска сметка___________________.**

**IV. Податоци за децата за кои се поднесува барањето**

| Ред Бр | Име и презиме | Единствен матичен број на граѓанинот | Сродство со подносителот/корисникот | Ден, месец и год. на раѓање | Место на раѓање | Посетува/учи | | | | | | | | Работи | | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | ДГ | | ОУ | | СУ | | Ф | | | | |
| | | | | | | да | не | да | не | да | не | да | не | да | не | |
| 1 | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | | | | | | | | | | |
| 2. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | | | | | | | | | | |
| 3. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | | | | | | | | | | |

ДГ - Детска градинка,
ОУ - Основно училиште
СУ - Средно училиште
Ф –Факултет

**V. Податоци за останатите членови на семејството**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Единствен матичен број на граѓанинот | Сродство | Ден, месец и год. на раѓ. | Место на раѓање | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 2. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 3. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 4. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 5. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 6. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |

**VI. Податоци за самохран родител** (се подвлекува соодветното)
разведен брак, еднииот родител е починат, едниот родител се води за исчезнат, едниот родител се води за непознат.
**VII. Податоци за материјално необезбеден родител, корисник на гарантирана минимална помош** (се заокружува соодветното)
- Корисник на гарантирана минимална помош ДА НЕ

**НАПОМЕНА**: **Податоците се пополнуваат јасно и разбирливо на начин како што е опишан во барањето (заокружување, подвлекување и пополнување на празните линии и полиња).**

ИЗЈАВА

Јас ______________________________________________________, под полна кривична, морална и материјална одговорност изјавувам дека наведените податоци во барањето се вистинити.

____________________________20___ год.
(датум)

______________________________________

Подносител на барањето,

________________________________
(име, татково име и презиме)

______________________________

Ослободено од плаќање на административна такса согласно Законот за административните такси

**ПРИЛОГ бр. 3**
**БЕППН/2**

**ДО**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА________________________________________**

**Б А Р А Њ Е**

за остварување на право на еднократна парична помош за новороденче

Од ___________________________________________ со стан на ул. -____________________ бр._____
/име и презиме на родител-старател/

ЕМБГ _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ Населено место /Општина __________________
л.к.бр. __________________ издадена од МВР_____________________________.

Назив на банка во која подносителот на барањето има отворено трансакциска сметка
_______________________
и број на трансакциска сметка________________________________________.

**Податоци за престојувалиште** (само доколку се разликува од податоците во личната карта):
_____________________________ __________________ ______________________
улица и број населено место општина

Барам да ми се признае право на едно кратна парична помош за новороденче за детето

____________________________________________________________ родено на ден _______ 20__ год.
(име, име на еден од родителите и презиме)

во ____________________и е ___________________________________________________ дете.
/ првородено/ првопосвоено,)

____________________________________________________________ родено на ден _______ 20__ год.
(име, име на еден од родителите и презиме)

во ____________________и е _____________________________ ________ ___________ дете.
( втогородено/второпосвоено/

**Прилози кон барањето кои ги поднесува подносителот:**
1. Важечка лична карта на мајката – се доставува на увид за докажување на идентитетот, државјанството и постојаното место на живеење на мајката од најмалку 12 месеци непрекинато на територија на Република Северна Македонија до денот на раѓањето на детето, а доколку подносител на барањето е таткото се доставува важечка лична карта од мајката на детето на увид за докажување на постојаното место на живеење на мајката, и важечка лична карта на таткото за докажување на идентитетот, државјанството и постојаното место на живеење од најмалку 12 месеци непрекинато на територија на Република Северна Македонија до денот на раѓањето на детето;
2. Мајчина книшка на увид за мајката со копија на страници 3, 5 и 7 или потврда од избран лекар-специјалист по гинекологија и акушерство за редот на раѓање на детето/децата, а за посвоено дете потврда дека мајката нема прво/второ живородено дете; и
3. Копија од трансакциска сметка.

**НАПОМЕНА: Барањето со доказите се поднесуваат до центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое мајката има постојано место на живеење,.**

**Во случај кога мајката не е државјанин на Република Северна Македонија, а склучила брак со државјанин на Република Северна Македонија и има лична карта за странец издадена од Министерство за внатрешни работи, барањето за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче го поднесува таткото до центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое таткото има постојано место на живеење.**

**I.Податоци за мајката**

| ________________________ (Презиме, татково име и име) | **ПРИП.НА ЗАЕДНИЦА** | **ШКОЛСКА ПОДГОТОВКА** | **СТАТУС** |
|---|---|---|---|
| Адреса__________________ ________ улица и број место<br>ОПШТИНА | 1.Македонска<br>2.Албанска<br>3.Турска<br>4.Влашка<br>5.Српска<br>6.Ромска<br>7.Бошњачка<br>8.Не се изјасниле<br>9.Други | 1.Без образование<br>2.НКВ<br>3.ПКВ<br>4.КВ<br>5.ВКВ<br>6.Со непотполно осн.образование<br>7.Основно образование<br>8.Средно образов.<br>9.Вишо образов.<br>10.Високо образов.<br>11.м-р на науки<br>12. д-р на науки<br>13.Друго | 1.Вработена<br>2.Невработена<br>3.Друг статус__<br>__________ |
| Раѓањето настанало на:<br>____________20____ година<br>__________<br>/место/ | ЕМБГ НА МАЈКАТА_______________<br>Л.К.Бр.____________________<br>ДРЖАВЈАНСТВО_______________ | | |

**II. Податоци за сите членови на семејството**

| Ред Бр. | Име и презиме | Единствен матичен број на граѓанинот | Сродство | Ден, месец и год. на раѓ. | Место на раѓање | Занимање | Припадност на заедница |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 2. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 3. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 4. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |
| 5. | | _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/ | | | | | |

ИЗЈАВА

Јас ____________________________________, под полна кривична, морална и материјална одговорност изјавувам дека наведените податоци во барањето се вистинити.

________________20___ год.

(датум)

________________________

Подносител на барањето,

____________________

(име, татково име и презиме)

__________________

Ослободено од плаќање на административна такса

**ПРИЛОГ бр. 4**

**БРДД / 1**

**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА**_________________________________________

**Б А Р А Њ Е**

за остварување на право на родителски додаток за дете (за трето дете)

Од __________________________________ со стан на ул. ____________________ бр.________ во ______________________

(име и презиме на мајката) (населено место/општина)

л.к.бр:. _______ издадена од МВР__________________________.

Барам да ми се признае право на родителски додаток за дете :

________________________________________________________________________________

(име и презиме и година на раѓање за трето дете)

_________________________________________________________________________________________

**Прилози кон барањето кои ги доставува подносителот-мајката:**

1. Важечка лична карта на увид за утврдување на идентитетот, државјанството и постојаното место на живеење во Република Северна Македонија последните три години пред поднесување на барањето, (а за мајките за кои од личната карта не може да се утврди дека се државјани на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во РепубликаСеверна Македонија последните три години пред поднесување на барањето и доказ со кој се потврдува односно од кој може да се утврди дека се државјани на Република Северна Македонија со постојано место на живеење во Република Северна Македонија последните три години пред поднесување на барањето - издаден од Министерство за внатрешни работи, односно обезбеден доказ од центарот за социјална работа по службена должност од Министерство за внатрешни работи);
2. Изјава од мајката како подносител на барањето дека не живее и не работи во странство;
3. Изјава од мајката за редоследот на раѓања на децата, спрема датумот и часот на раѓањата, запишани во изводот од матичната книга на родени на детето, а ако има починато дете се наведува и датумот и часот на смртта на детето, запишани во изводот од матичната книга на умрени на детето;
4. Доказ дека не и е одземено родителското право на мајката над децата од претходниот ред на раѓање- издаден од надлежниот суд;
5. Доказ за мајката за извршени здравствени прегледи и контроли за време на бременоста, кај избран лекар-специјалист по гинекологија и акушерство;
6. Доказ за вршење на задолжителните вакцинации на детето за кое се остварува правото согласно закон - издаден од соодветна здравствена установа;
7. Договор за извршување на работи во врска со спроведувањето на Пописот на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија;
8. Потврда од банка за штеден влог;
9. Потврда дека детето за кое се остварува правото е запишано и редовно ја следи наставата во основно училиште, издадена од установата во која е запишано;
10. Потврда за вонредно продолжување на образованието за дете за кое се остварува правото и кое поради болест или повреда е спречено редовно да ја посетува наставата - издадена од образовната установа во која е запишано; и
11. Потврда за дете за кое се остварува правото дека поради видот и степенот на попреченост не може да се образува- издадена од соодветна здравствена установа; и
12. Копија од трансакциска сметка .

**Доказите под реден број 9, 10 и 11 се поднесуваат од започнување на школувањето на детето согласно закон.**

**I. Податоци за подносителот на барањето -мајката**

**1. Презиме, татково име и име** ____________________________________________

**2. Единствен матичен број на граѓанинот** _/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/_/

